РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-3529/2
02.07 2026 год.
КРИВА ПАЛАНКА



## ЗАПИСНИК

Првата седница на Локалниот совет за превенција на Општина Крива Паланка се одржа на 2 јули 2026 година (четврток), со почеток во 09:30 часот, во Малата сала на Општина Крива Паланка.

Со седницата претседаваше претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски.

Во своето воведно обраќање, претседателот ги поздрави присутните членови и истакна дека Локалниот совет за превенција е формиран на втората седница на Советот на Општина Крива Паланка, со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка, како советодавно и координативно тело кое има за цел да ја унапредува безбедноста на локално ниво преку координирана соработка помеѓу институциите, локалната самоуправа и останатите релевантни чинители.

По утврдувањето на присутните членови и констатирањето на кворум за работа, претседателот го предложи следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на секретар на Локалниот совет за превенција;
2. Разгледување на состојбата со пожарите на подрачјето на Општина Крива Паланка ( пријавени вкупни места, дали се подметнати или настанати од други причини);
3. Превентивни мерки за спречување на пожари ( укажување на месното население за пожарите, делење на флаери);
4. Мерки и активности во врска со организацијата на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2026";
5. Анализа на моменталната состојба на територијата на Општина Крива Паланка во однос на можни девијантни појави;
6. Разно.

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен.

Претседателот ги информираше присутните дека согласно Одлуката за формирање на Локалниот совет за превенција потребно е да се избере секретар на Советот.



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

За секретар беше предложена Клара Стевановска, вработена во Општина Крива Паланка.

Предлогот беше едногласно прифатен, по што Клара Стевановска беше избрана за секретар на Локалниот совет за превенција.

По овие точки од дневниот ред свои излагања имаа претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски, командирот на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, Иле Коцевски, командирот на Полициската станица од општа надлежност – Крива Паланка, Киро Николовски, претставничката од Центарот за социјална работа, Марија Т. Стефановска, како и останати членови на Советот.

Командирот на ТППЕ, Иле Коцевски, ја презентираше актуелната состојба со пожарите на подрачјето на Општина Крива Паланка. Притоа информираше дека во текот на 2024 година биле евидентирани 127 пожари, во 2025 година 118 пожари, а заклучно со првата половина од 2026 година се регистрирани 54 пожари.

Беше констатирано дека најголемиот број пожари се последица на човечки фактор и несовесно однесување, додека помал дел се предизвикани од неповолни временски услови.

Во дискусијата беше нагласена потребата од интензивирање на превентивните активности и навремено информирање на граѓаните.

Командирот на ТППЕ предложи во составот на Локалниот совет за превенција да биде вклучен и претставник од Дирекцијата за заштита и спасување, како институција со значајни надлежности во областа на заштитата и спасувањето.

Исто така, беше предложено во соработка со Општина Крива Паланка да се изработат информативни флаери за превенција од пожари, кои преку Полициската станица ќе бидат дистрибуирани до жителите во руралните населени места, со цел навремено информирање за превентивните мерки и начините на пријавување на пожари.

Во рамките на дискусијата беа предложени следните активности:

- организирање превентивни кампањи и едукации во соработка со Црвениот крст;
- изработка и дистрибуција на информативни флаери со поддршка на Општина Крива Паланка;
- зголемување на јавната свест за превенција од пожари;
- подобрување на координацијата помеѓу надлежните институции;
- преку месните заедници да се апелира до граѓаните редовно да ги чистат и косат дворовите, нивите и ливадите;
- навремено пријавување на сите забележани пожари и потенцијални ризици.

Беше отворена дискусија и за забраната за движење во шуми во периоди на зголемен ризик, како и за можноста за користење на дронови за превентивен надзор и рана детекција на пожари.

Воедно беше предложено на една од наредните седници на Советот на Општина Крива Паланка да биде предложено да се разгледа можноста за обезбедување

современи дигитални радио-станици за службите кои постапуваат при итни ситуации.

Во однос на организацијата на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2026", беше отворена дискусијата за безбедносни мерки за време на сите јавни настани и координирано постапување на сите надлежни институции.

Беше предложено:

- расчистување и косење на тревните површини покрај патниот правец кон локалитетот Краиште;
- воспоставување соодветен сообраќаен режим за време на поголемите јавни настани;
- навремено информирање на јавноста преку официјалните комуникациски канали на Општината за сите измени во режимот на сообраќај.

Присутните оценија дека институциите ќе ја координираат својата работа согласно програмата на манифестацијата и проценетите безбедносни потреби.

Во рамките на последната точка од Дневниот ред беше отворена дискусија на повеќе актуелни теми за безбедносната состојба на територијата на Општина Крива Паланка.

Особено внимание беше посветено на превенцијата од врсничко насилство, безбедноста во сообраќајот, користењето на електрични тротинети, заштитата на младите и јакнењето на соработката помеѓу институциите и родителите.

Беше нагласена потребата од поголема информираност и едукација на младите, како и од континуирана комуникација помеѓу училиштата, родителите, полицијата, Центарот за социјална работа и локалната самоуправа.

Беше предложено организирање состанок со угостителите во градот, со цел доследно почитување на законските одредби кои се однесуваат на присуството на малолетни лица во угостителски објекти и забраната за послужување алкохол на малолетници.

Како дел од превентивните активности беше предложено реализирање информативни кампањи и едукативни работилници во училиштата на теми поврзани со:

- безбедност во сообраќајот;
- последици од брзо возење и управување возило под дејство на алкохол;
- врсничко насилство;
- правилно и безбедно паркирање;
- превенција од пожари;
- навремено пријавување на насилство и други безбедносни ризици

По разгледувањето на сите точки од дневниот ред, Локалниот совет за превенција ги донесе следните заклучоци:

1. Да се интензивираат превентивните активности за спречување на пожари преку координирана работа на сите надлежни институции.
2. Да се разгледа можноста за вклучување претставник од Дирекцијата за заштита и спасување во составот на Локалниот совет за превенција.
3. Да се реализираат информативни и едукативни кампањи за подигнување на јавната свест во областа на безбедноста и превенцијата.
4. Да се обезбеди целосна координација на институциите за време на одржувањето на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2026".
5. Да се продолжи со активности за превенција на врсничкото насилство, подобрување на сообраќајната безбедност и заштита на младите.
6. Да се разгледа можноста за обезбедување современи дигитални средства за комуникација за службите за заштита и спасување.
7. Да се продолжи со спроведување едукативни и превентивни активности во соработка со образовните институции и останатите надлежни органи.
8. Членовите на Локалниот совет за превенција редовно да присуствуваат на седниците и навремено да доставуваат информации од својата надлежност.

Со исцрпување на дневниот ред, Миле Трајковски, Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, ја затвори првата седница на Локалниот Совет за превенција.

Изготвил:
Сања Станковска
02.07.2026